ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:18-226/6**

**Дата:** 19.03.2015

ДО
ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ТОРАКАЛНА
И ВАСКУЛАРНА ХИРУРГИЈА-СКОПЈЕ

РЕЗИМЕ

Ревизијата на успешност - Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија кај Јавната здравствена установа Универзитетската клиника за торакална и васкуларна хирургија - Скопје, е спроведена со цел да се даде оценка за ефикасноста и ефективноста на финансиското управување и контрола, во делот на вршење на работите на ефикасен и ефективен начин, усогласување на работата со законите и актите, заштита на имотот, користење на буџетските средства, јакнење на одговорноста при извршување на задачите и внатрешната ревизија.

Ревизијата на успешност е извршена согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2014 година.
Опфатот и доказите кои се обезбедени по пат на спроведување на техники и методологија од страна на ревизијата, даваат основа да го изразиме следниот заклучок:
Надлежните органи за управување и раководење со субјектот имаат обврска за преземање мерки, политики и конкретни активности за пропишување на подзаконските и интерните акти, донесување и имплементација на процедурите за финансиско управување и контрола (планирање, извршување, мониторинг и известување) и внатрешната ревизија кои претставуваат предуслов за воспоставување на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија.

Со извршената ревизија на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија во Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија-Скопје, констатиравме дека: донесени се и имплементирани стратешки и деловен план, пропишани се интерни акти и процедури за работните процеси и воспоставена е пракса на работа која овозможува разграничување на должностите и систем на контроли на комплетноста и усогласеноста, со што активностите се верификуваат од најмалку две меѓусебно независни лица, како и воспоставен систем на информации и комуникации, што упатува дека **делумно се**

**преземени** потребните активности за воспоставување и обезбедување на ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола за непречено остварување на целите на субјектот.

Постојат можности за подобрување на: функционирањето и развојот на системот на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија во делот на усогласување на Статутот и актот за организација и систематизација на работните места со дефинирање на работните задачи, имплементирање на процедурите за работа, донесувањето на план за воспоставување на ФУК, стратегија за управување со ризиците и ИТ безбедносни политики, начинот на инвентарисување на средствата и обврските и воспоставување на внатрешната ревизија.

Ревизорските активности кои ревизорскиот тим ги спроведе во Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија – Скопје беа насочени кон повеќе области:

- Правната рамка и стратешките документи;
- Финансиско управување и контрола, во делот на:
    - Компонентите: контролно опкружување, управување со ризик, контролни активности, информации и комуникации, мониторинг;
    - Процесите: доделување на договорите за јавни набавки и плаќање на набавките и инвентарисување на средствата и обврските и
- Внатрешна ревизија.

Периодот кој беше опфатен со ревизијата на успешност е 2013 година и тековната 2014 година.
Од утврдените ризици во текот на ревизијата, произлегоа заклучоци, кои се основа за изготвување на ревизорска програма на активности. Ревизорската програма опфати активности за обезбедување на доволно комплетни и релевантни докази од Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија - Скопје, врз основа на кои се сними состојбата и се донесоа заклучоци во рамките на поставените ревизорски цели.
Состојбите кои се прикажани во извештајот се резултат на применетите постапки на ревизија со цел постигнување на објективна и реална оценка на тековните состојби за ефикасноста и ефективноста на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија, детектирање на клучните фактори кои влијаат врз ефикасноста, нивна анализа, утврдување на причините за постојната состојба и креирање на јасни и реални препораки по кои надлежните лица треба да постапат.

Во рамките на ризичната област која ги третира прашањата од **Правна рамка и стратешки документи** ревизијата имаше за цел да ја утврди примената на законските и подзаконските акти кај Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија – Скопје (во понатамошниот текст: Универзитетска клиника) и да даде одговор на евентуални

слабости и потенцијални ризици на истите кои може да влијаат врз воспоставувањето и функционирањето на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија при што го констатиравме следното:

- Подзаконскиот акт со кој ќе се утврди делокругот на работата на внатрешните организациони единици и минималниот број извршители по внатрешни организациони единици кај здравствените установи во зависност од видот на дејноста што ја врши здравствената установа е донесен од страна на надлежниот министер на ден 05.09.2014 година. Наведената состојба влијае на временската рамка на активностите кои треба да бидат преземени од надлежните лица во ЈЗУ со цел навремено изменување и дополнување на Статутот и Правилникот за внатрешна организација и систематизација со утврдување на организациони единици, дефинирање на бројот на извршители и делокругот на работењето на истите како и надлежности за вршење на работите од областа на финансиското управување и контрола;
- Со Стратешкиот и Деловниот план Универзитетската клиника врши стратешко и годишно планирање, но не е донесена стратегија за управување со ризици, што укажува на потреба од преземање на дополнителни активности за воспоставување и зајакнување на системот за управување со ризиците во функција на обезбедување на ефективност на системот на интерни контроли и остварување на поставените цели;

Во рамките на ризичната област која ги третира прашањата од **финансиското управување и контрола,** ревизијата имаше за цел да даде одговор на повеќе ревизорски прашања поврзани со компонентите на ФУК при што го констатиравме следното:

- Универзитетската клиника има воспоставено контролно опкружување кое придонесува функционирање на воспоставениот систем на интерни контроли и остварување на посебните и општите цели на субјектот, но присутни се ризици во делот на организациона поставеност, кадровската екипираност и планирање на активности за спроведување на системот за финансиско управување и контрола.
- Универзитетската клиника нема донесено план и методологија за воспоставување на финансиско управување, не извршила целосно комплетирање и ажурирање на донесените интерни акти за работните процеси и контрола, како и сертификација на процедурите;
- Универзитетската клиника има донесено процедури во врска со движењето на документацијата, извршувањето на плаќањата на фактурите, управување со залихите како и за други тековни активности на Универзитетската клиника со разграничување на должностите и одговорностите на лицата кои вршат контрола;
- Воспоставени се контролни активности и пракса на работа во насока на функционирање на системот на финансиско управување, освен во делот на контролите и евиденцијата при прием, издавање и потрошок на лекови и медицински потрошен материјал по организациони единици;

- воспоставен е систем на информации и комуникации како дел од системот на ФУК, а со донесување на процедурите за работа ќе се изврши негово надоградување и обезбедување поголема ефикасност во протокот на информациите.

Со ревизијата на процесите за управување и контрола при утврдување на ефективноста на системот на интерни контроли при спроведувањето на **набавките и плаќањата** констатирана е следната состојба:

- Универзитетската клиника има воспоставен систем на интерни контроли во процесот на доделувањето на договорите за јавни набавки, за кој во наредниот период потребно е да се преземат активности за донесување на пишани процедури и едуцирање на вработените како услов за стекнување на потврда за положен испит за јавни набавки;
- Воспоставени се процедури и контролни механизми во процесот на плаќање кои функционираат на начин на кој е оневозможено едно лице или организациона единица да ги контролира сите значајни фази на определена активност (одобрување, извршување, сметководствено евидентирање и контрола).

Со ревизијата на процесите за управување и контрола при утврдување на ефективноста на системот на интерни контроли при заштита на средствата и обврските **(инвентарисување на средствата и обврските)** констатирана е следната состојба:

- инвентарисувањето на средствата и обврските се извршува со одредени недоследности при што во процесот постојат ризици кои имаат свое влијание на целосното искажување на состојбата на средствата и обврските.

Во рамките на ризичната област која третира прашања од **Внатрешната ревизија** извршени се истражувања со цел да се даде одговор на повеќе ревизорски прашања поврзани со слабости и потенцијалните ризици во оваа област, при што го констатиравме следното:

- Со постоечката организациона поставеност формирана е посебна организациона единица за внатрешната ревизија, која директно и единствено ќе одговора на директорот на Универзитетската клиника. Меѓутоа не е извршено пополнување на систематизираните работни места, со што не е овозможено директорот на Универзитетската клиника да ја следи ефективноста на внатрешните контроли и откривање на отстапувања во примената на регулативите при извршувањето на задачите и остварување на целите.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки за надминување на истите.
Препораките произлезени од оваа ревизија се насочени кон понатамошен развој на финансиското управување и контрола и внатрешна ревизија.
Вршителот на должноста директот на ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија на ден 05.03.2015 година достави Забелешки по Нацрт

извештајот на овластениот државен ревизор број 18-226/1 од 02.02.2015 година, кои по својата содржина преставуваат известување за преземените активности од страна на надлежното министерство и активностите кои ќе ги преземе клиниката по дадената препорака за изменување и дополнување на Статутот и донесување на Правилник за организација на работа и систематизација на работните места.